Број на Службен весник: 163/2014
Датум на објавување: 06.11.2014

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија”, бр. 43/2012, 145/2012, 87/2013, 164/2013, 39/2014, 43/2014 и 132/2014), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 29.10.2014 година, донесе

# ПРОГРАМА
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА КАРДИОВАСКУЛАРНИ БОЛЕСТИ (КВБ) ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2014 ГОДИНА

1. Во Програмата за превенција на кардиоваскуларните болести (КВБ) во Република Македонија за 2014 година („Службен весник на Република Македонија“ број 19/2014), во делот “ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА“, табелата се менува и гласи:

| | Активност | Реализатори | Износ |
|---|---|---|---|
| 1. | Изработка на национална стратегија за превенција, лечење и контрола на кардиоваскуларните болести (квб) во Република Македонија, 2014-2020 година | Комисија за изработка на национална стратегија за превенција, лечење и контрола на кардиоваскуларните болести (квб) во Република Македонија, 2014-2020 година | 50.000,00 |
| 2. | Изработка на прашалник кој ќе се дистрибуира во кардиолошките служби и службите на ИМП до средината на наредната година како би се изработил годишен извештај и пресметка за распространетоста на срцевата аритмија. | Универзитетска клиника за кардиологија<br>Институт за јавно здравје | 30.000,00 |
| 3. | Исплата до Здравствени установи и Македонско лекарско друштво за извршени активности | | 3.090.000,00 |
| 4. | Средства наменети за тимот кој ќе ја основа државната кардиохирургија за едукација на специјалистички кадар и среден медицински персонал од областа на кардиохирургијата. Министерството за здравство на Република Македонија врз основа на оваа програма ќе склучува посебен договор за работно ангажирање на секој член од тимот | Министерство за здравство | 4.408.000,00 |
| 5. | Изработка на Национална Програма за исхрана и физичка активност на децата во предучилишните и училишните установи (деца на возраст до 15 год), која ке се имплементира на локално ниво. | Институт за јавно здравје<br>Универзитетска клиника за детски болести | 80.000,00 |
| 6. | Промотивни активности за подигнување на свеста кај населението за ризикот од кардио-васкуларни болести | Институт за јавно здравје) | 300.000,00 |
| 7. | Анализа на анкетните листови и утврдување на критични точки за подобрување на здравствениот статус на населението | Институт за јавно здравје<br>Центри за јавно здравје | 30.000,00 |
| 8. | Изработка на регистар на пациентите со најтешки форми на генетска условена хиперлипопротеинемија поради планирање средства за нивно лекување, односно следење на очекуваните пореметувања на лугето со крвно сродство. | Институт за јавно здравје<br>Универзитетска клиника за кардиологија<br>Универзитетска клиника за детски болести | 12.000,00 |
| | **ВКУПНО:** | | **8.000.000,00** |

“

По табелата ставот 1 се менува и гласи: “Програмата ќе се реализира во обем и содржина на средствата одобрени од Буџетот на Република Македонија за 2014 година во вкупен износ од 8.000.000,00 денари.

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-8640/1
29 октомври 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р Владимир Пешевски, с.р.